АПЕЛАЦИОНЕН СУД
Су.бр.1107/2020
29.12.2020 година
Ш Т И П

Судскиот администратор на Апелационен суд Штип Александар Парчеклиев, врз основа на чл.43 ст.1 од Законот за судска служба (Сл.весник бр.43/14) по спроведената постапка по Интерен оглас бр.1/20, за унапредување на судски службеник, за работно место Судски советник 4 (четири) извршители, по доставениот Предлог-одлука за избор на кандидат за унапредување Су.бр.1074/2020-4 од 29.12.2020 година, на ден 29.12.2020 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**

За работно место Судски советник категорија В, ниво В1, 4 (четири) извршители, се избираат кандидатите:

1. Марија Михова со освоени 25,66 бода

2. Васко Василев со освоени 24,99 бода

3.Лилјана Кирова со освоени 24,66 бода

4. Наташа Бутнејска Саздова со освоени 23,66 бода

За избраните кандидати по конечноста на одлуката ќе се донесе решение за унапредување.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на Апелациониот суд во Штип на веб страната на судот на ден 22.12.2020 год. објавен е Интерен оглас бр.1/20, за унапредување на судски службеник, за работно место Судски советник, категорија В, ниво В1, 4 (четири) извршители.

Од страна на Комисијата за селекција за унапредување согласно чл.6 ст.4 од Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција во зависност од категоријата на работното место за кое е објавен интерниот оглас доставена е Предлог-одлука за избор на кандидат за унапредување Су.бр.1074/2020-4 од 29.12.2020 год.

Со Предлог-одлука за избор на кандидат за унапредување, Комисијата за селекција за унапредување ги предложи кандидатите: судски соработник Марија Михова , Виш судски соработник Васко Василев, судски соработник Лилјана Кирова и судски соработник Наташа Бутнејска Саздова Елизабета како најдобро рангирани 4 кандидати на ранг листата во сите фази на селекција за унапредување за работното место Судски советник, категорија со ниво В1.

Судскиот администратор имајќи го во предвид Предлогот на Комисијата за селекција за унапредување Су.бр.1074/2020-4 од 29.12.2020 година, за работното место судски советник, категорија со ниво В1 ги избра кандидатите Марија Михова со освоени 25,66 бода, Васко Василев со освоени 24,99 бода, Лилјана Кирова со освоени 24,66 бода и Наташа Бутнејска Саздова со освоени 23,66 бода.

Поради наведеното, согласно чл.43 ст.1 од Законот за судска служба, следуваше да се одлучи како во изреката на одлуката.

Судски администратор
Александар Парчеклиев с.р.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука дозволена е жалба во рок од 8 дена до Советот на судска служба.